- **На меѓународните финансиски пазари умерено се зголеми склоноста за преземање ризик**
- **Записник на ФЕД: Различни ставови за наведувањето на монетарната политика**
- **Централна банка на Шведска: Зголемување на обемот на програмата за квантитативно олеснување**

**Во текот на неделата беше забележан рекорден раст на новозаразените лица од корона-вирус.** Во тој контекст, бројот на заразени лица на светско ниво надмина 11.100.000, а во САД четири последователни денови, бројот на новозаразени лица го надмина нивото од 50.000 на дневна основа. Во однос на останатите земји, најголем број заразени лица во текот на неделата имаше во Бразил, Индија, Јужна Африка и Мексико. Во исто време, бројот на починати надмина 528.000 на глобално ниво, со што се засили загриженоста од забавување на економското отворање на поединечните земји. Во текот на неделата се објави информација дека компанијата „Гилеад" е близу до произведување на вакцината против вирусот ковид-19, за којашто се очекува дека ќе чини 2.340 САД-долари. Аналитичарите сметаат дека за голем дел од земјите цената ќе биде прифатлива, со оглед на тоа што тековните болнички трошоци за заразените од корона-вирусот се повисоки од евентуалната цена на вакцината.

**Кинескиот парламент го усвои новиот закон за национална безбедност на Хонгконг.** Законот стапи во сила од 1 јули. Поради таквата одлука, Претставничкиот дом на САД изгласа закон за воведување санкции за банките што соработуваат со официјални лица од Кина вклучени во спречувањето на протестите во Хонгконг[1]. Се очекува дека законот ќе повлече санкции и противмерки и од ЕУ.

По зголемените политички тензии помеѓу Индија и Кина, владата на Индија донесе одлука со која го забрани користењето кинески апликации[2].

**Економските показатели за еврозоната, САД и Кина имаа поволни остварувања.** Во *еврозоната*, композитниот индекс ПМИ во јуни, според финалниот податок, се зголеми од 31,9 на 48,5 поени (пазарите очекуваа раст на композитниот индекс на 47,5 поени), главно поради зголемувањето на услужниот подиндекс ПМИ (од 30,5 на 48,3 поени), а потоа и на производниот (од 39,4 на 47,4 поени). Ваквото доближување на композитниот индекс до границата од 50 поени, според институтот што ја спроведе анкетата, ИХС, го зголемува оптимизмот за остварување позитивна стапка на раст на БДП на еврозоната во третото тримесечје од годината. Анализирано по земји, композитниот индекс ПМИ во Германија, Франција и Италија, се зголеми од 32,3 на 47 поени, од 32,1 на 51,7 поени и од 33,9 на 47,6 поени. Показателот ЕСИ во јуни се зголеми од 67,5 на 75,7 поени (пазарите очекуваа дека показателот ЕСИ ќе се зголеми на 80 поени), а ваквиот раст главно се должеше на очекувањата во индустријата и кај потрошувачите. Во однос на пазарот на труд, стапката на невработеност се зголеми од 7,3% на 7,4% во мај, но ваквото зголемување беше помало, во споредба со пазарните очекувања (7,7%). Годишниот пад на цените на производителите на индустриски производи во текот на истиот месец се продлабочи од 4,5% на 5%, главно како одраз на пониските цени на енергијата. Стапката на инфлација во јуни, неочекувано се зголеми од 0,1% на 0,3%, главно како резултат на намалениот негативен ефект од ниските цени на енергијата и на растот на цените не прехранбените производи, додека базичната инфлација се намали од 0,9% на 0,8% на годишна основа[3]. Во Германија, трговијата на мало во мај се зголеми за 13,9% на месечна основа (значително над пазарните очекувања од 3,9%), што укажува на закрепнување на личната потрошувачка, по укинувањето на мерките за спречување на ширењето на пандемијата на корона-вирусот.

*Во САД*, дефицитот во надворешнотрговската размена во мај се зголеми од 49,8 на 54,6 милијарди САД-долари, бележејќи го највисокото ниво од 2009 година, наваму, во услови на поголем пад на извозот (од -4,4% на месечна основа) во споредба со увозот (-0,9%). Во текот на истиот месец, порачките за индустријата се зголемија за 8% на месечна основа, по падот од 13,5%, упатувајќи на закрепнување на производствениот сектор. Во рамките на водечките показатели за економската активност, производниот индекс ИСМ за јуни се зголеми од 43,1 на 52,6 поени, што претставува силен сигнал дека американската економија веќе го надминала дното на рецесијата. Исто така, индексот Чикаго ПМИ за јуни се зголеми од 32,3 на 36,6 поени, главно како резултат на зголемената активност во производствениот сектор. Во такви услови, дојде до подобрување и на довербата на потрошувачите, којашто како резултат на отворањето на економиите се зголеми од 85,9 на 98,1 поен (очекувањата изнесуваа 91,8 поени). Бројот на новоотворените работни места во приватниот сектор во јуни се зголеми на историски највисоко ниво од 4,8 милиони работни места, што беше подобро

[1] За да стапи на сила, законот треба да биде одобрен од страна на Сенатот, а потоа да биде потпишан од претседателот Трамп.

[2] Владата на Њу Делхи тврди дека 59 апликации се користени за злоупотреба на лични податоци на индиските корисници.

[3] Анализирано по земји, стапката на инфлација во Германија и Шпанија се зголеми од 0,5% на 0,8%, и од -0,9% на -0,3%, соодветно. Од друга страна, стапката на инфлација во Франција и Италија се намали од 0,4% на 0,1% и од -0,3% на -0,4%, соодветно.

остварување од пазарните очекувања за раст од 3 милиони, а ваквиот раст произлезе од растот на новите работни места во хотелиерскиот и угостителскиот сектор, трговијата на мало, образованието, здравствениот и производствениот сектор. Во такви услови, стапката на невработеност се намали од 13,3%, на 11,1%. Според високофреквентните податоци за пазарот на труд, првичните барања за социјална помош во неделата до 27 јуни се намалија на 1.427.000, но и покрај тоа беа над пазарните очекувања (1.375.000), одржувајќи се 15-та недела по ред над нивото од 1.000.000 барања.

Во *Кина*, водечките показатели за економската активност упатуваа на закрепнување на економската активност, по застојот предизвикан од пандемијата, и покрај сè уште ниската надворешна побарувачка и слабиот пазар на труд. Имено, композитниот индекс ПМИ за јуни се зголеми од 54,5 на 55,7 поени како резултат на зголемувањето на двата подиндекса. Услужниот подиндекс ПМИ се зголеми од 55 на 58,4 поени, бележејќи го најголемиот раст од април 2010 година наваму, а производниот подиндекс се зголеми од 50,7 на 51,2 поени.

Во *Велика Британија*, финалниот податок за БДП, покажа дека во првото тримесечје од годината британската економија го забележала најголемиот квартален пад во последните 40 години, од 2,2%[4], главно како одраз на негативниот придонес на личната потрошувачка. Од друга страна, водечките показатели за економската активност во јуни, упатија на нејзино закрепнување. Имено, композитниот индекс ПМИ се зголеми од 30 на 47,7 поени, доближувајќи се до границата од 50 поени, главно како резултат на значителниот раст на услужниот (од 29 на 47,1 поен) и производниот подиндекс ПМИ (од 40,7 на 50,1 поени), соодветно.

Во *Јапонија*, индустриското производство во мај се намали за 8,4% на месечна основа (пазарите очекуваа пад од 5,6%), бележејќи го најниското ниво во последните три години и четвртиот последователен месечен пад. Во текот на истиот месец, трговијата на мало се намали за 12,3% на месечна основа, главно како одраз на тоа што стравот од натамошното ширење на вирусот ја обесхрабрува потрошувачката во земјата. Во однос на пазарот на труд, стапката на невработеност во мај се зголеми од 2,6% на 2,9%, но се задржа под нивото од 3% (кај повеќето развиени земји стапката на невработеност е над 3%).

**Во текот на неделата беше одржан состанокот за монетарна политика на Централната банка на Шведска.** Централната банка на Шведска, како што се очекуваше, ја задржа референтната каматна стапка од 0%, но значително го зголеми обемот на програмата за квантитативно олеснување, за 200 милијарди круни на ниво од 500 милијарди круни, до крајот на јуни 2021 година. Покрај тоа, во рамките на програмата, централната банка од септември ќе започне со откуп на корпоративни обврзници во износ од 10 милијарди круни. Досега банката откупуваше државни хартии од вредност, хипотекарни обврзници, комерцијални хартии од вредност и обврзници емитирани од општините.

**Записникот на ФЕД покажа различни ставови на членовите на Комитетот околу наведувањето на монетарната политика.** Според објавениот записник од јунскиот состанок на ФЕД, во втората половина од годината членовите на Комитетот за монетарна политика ќе бидат поексплицитни во наведувањето на монетарната политика. Сепак, сè уште не постои консензус помеѓу членовите околу наведувањето на монетарната политика, односно некои од членовите сметаат дека тоа треба да биде поврзано со стапката на инфлација, додека останатите сметаат дека наведувањето треба да биде поврзано со стапката на невработеност. Истовремено, членовите на Комитетот ја разгледувале и можноста за контрола на кривата на приноси во САД.

**Кон крајот на неделата, Парламентот на Германија формално го реши несогласувањето помеѓу Уставниот суд на земјата и Европскиот суд на правдата.** Имено, Парламентот усвои закон со којшто на Германија ѝ се дозволува да учествува во програмата за откуп на ЕЦБ, односно заклучи дека ЕЦБ ги исполнува барањата на Уставниот суд на Германија.

## Позначајни пазарни движења

На меѓународните финансиски пазари преовладуваше умерена склоност за преземање ризик, што предизвика зголемена побарувачка за ризични инструменти. Ваквото пазарно расположение произлезе од очекувањата за закрепнување на економската активност, по објавените поволни економски показатели во САД, еврозоната и Кина, а вакво влијание имаа и поволните информации дека компанијата „Гилеад" е близу до произведување вакцина против корона-вирусот. Во такви услови, валутниот пар евро/САД-долар умерено се зголеми, берзанските индекси забележаа раст на глобално ниво, а движењата на приносите на државните обврзници на земјите од еврозоната и САД беа стабилни, со умерен раст на приносите на подолгите сегменти на кривите на принос. Во САД, поволните објавени податоци за пазарот на труд дополнително придонесоа за раст на

[4] Податокот за БДП беше ревидиран надолу од -2% на -2,2% на квартална основа.

приносите, но ваквиот раст беше ограничен поради присутната загриженост предизвикана од најбрзиот раст на новозаразени лица од почетокот на пандемијата наваму. Во такви услови, цената на златото се зголеми. Цената на нафтата забележа раст, главно под влијание на знаците за закрепнување на економската активност на глобално ниво и намалената понуда на овој енергент (пониско производство од страна на земјите од ОПЕК+ и пад на залихите на нафта во САД).

## Селектирани пазарни показатели






















| | 26.06 | 03.07 | неделна промена |
|---|---|---|---|
| DAX индекс | 12,089 | 12,528 | 3.6% |
| S&P индекс | 3,009 | 3,130 | 4.0% |
| Euribor 3m (%) | -0.403 | -0.435 | -3.2 |
| USD Libor 3m (%) | 0.3079 | 0.2759 | -3.2 |
| Bund 10y (%) | -0.48 | -0.43 | 5.0 |
| UST 10y (%) | 0.64 | 0.67 | 2.8 |
| EUR/USD | 1.1219 | 1.1248 | 0.3% |
| Злато ($/Oz) | 1,762 | 1,775 | 0.7% |
| Нафта (Brent, $/barrel) | 40.0 | 42.4 | 5.9% |

**Приноси во еврозоната**

| | EUR 6M | EUR 2Y | EUR 5Y | EUR 10Y |
|---|---|---|---|---|
| 26.06 | -0.53 | -0.70 | -0.71 | -0.48 |
| 03.07 | -0.54 | -0.68 | -0.68 | -0.43 |
| **неделна промена (б.п.)** | -1.3 | 1.9 | 3.5 | 5.0 |

**Приноси во САД**

| | USD 6M | USD 2Y | USD 5Y | USD 10Y |
|---|---|---|---|---|
| 26.06 | 0.16 | 0.17 | 0.30 | 0.64 |
| 03.07 | 0.15 | 0.15 | 0.30 | 0.67 |
| **неделна промена (б.п.)** | -0.7 | -1.4 | -0.6 | 2.8 |